## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Третото продолжение на Дваесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 31.01.2007 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,24 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со работа по Дваесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Бесим Догани, Марија Андоновска, Илија Димовски, Гарип Каба, Горан Мисовски, Љубчо Георгиевски, Ѓорѓи Оровчанец, Данаил Дончев, Марјан Додовски, Љубисав Иванов-Ѕинго, Владо Бучковски, Ацо Киров, Лазар Китановски, Илинка Митрева, Владимир Ѓорчев, Фиат Цановски, Абдуљади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џевад Адеми, Рафис Алити, Тута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвие Селиу, Ајше Селмани и Тахир Хани ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

(По прикажувањето на билбордот).

Ве молам службите уште еднаш да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници во салата).

Во салата има 63 пратеници.

Според тоа, констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни пратеници, гласале 58 пратеници. 48 гласале за, воздржани нема, против 10.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни 47 гласале, за гласале 40, воздржани нема, против 7.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман за додавање нов член 4 по членот 3 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Јани Макрадули поднесе амандмани за бришење на членовите 1,2 и 3 по кои Владата не се произнела.

Комисијата за транспорт, врски и екологија поднесе амандман на член 3 што претставникот на Владата не го прифати.

Пратеникот Никола Ќуркчиев поднесе амандмани за бришење на член 1, член 2 во воведната реченица и за менување н член 3 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 1 поднесен од пратеникот Јани Макрадули и од Пратеникот Никола Ќуркчиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата, Скендер Палоши, повелете.

**Скендер Палоши:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

И во општата расправа зборував дека предложениот закон, предложените измени на Законот за електронски комуникации се заради побудите односно заради партискиот упад во Комисијата и Агенцијата направени невешто и немаат логика.

Членот 1 токму тоа го зборува. Имено, во членот 1 што го предлага Владата, членот 1 се однесува на членот 10 од постојниот Закон, каде што одговорност за работата на Агенцијата во делот ИИИ што се однесува на годишниот извештај што Агенцијата мора да го достави, покрај обврските што треба тој извештај да ги содржи, сега Владата предлага да во себе тој извештај вклучи ревизорски извештај изработен од надворешен и независен ревизор. Навистина не гледам логика да Агенцијата, во својот Предлог-извештај до Собранието, во кој што зборува за активности преземени за состојбата со телекомуникацискиот сектор во Република Македонија, со состојбата на средствата на Фондот за универзални услуги и други активности од својот домент да доставува извештај од ревизор и тоа согласно Законот, некој надворешен ревизор. Навистина апсурдно и нема никаква логика, не може да произведе ниту правно дејство ова, бидејќи сигурно независниот ревизор од реномирана меѓународна куќа нема да сака пак нивното дело да биде дел од извештајот што ќе биде потпишан од некој човек што го

ревидирал, или што извршил ревизија. Или пак обратно.

Зошто некој, врз што е извршена ревизија, пак да го преземе комплениот извештај од независна ревизорска куќа? Од друга страна во Законот за електронски комуникации постои одредба во членот 26, во финансирањето, сметководството и ревизија на Агенцијата, постои одредба дека работењето на Агенцијата во градењето на одговорноста и контрола на Агенцијата постои можност за ревизија што би ја вршела надворешен и независен ревизор. Тоа членот 26 точка 3.

Затоа предложенава измена нема да има никаква правна логика, нема да предизвика правно дејство, неспроведлива е, а веќе во Законот постои контрола на Агенцијата за електронски комуникации.

Мислам дека самата интенција на предлагачите за упадот што сакаат да го направат, спротивно од регулативите на Европската унија, вчера зборував за независноста на регулаторните тела од политичките влијанија, за жал ќе почне да се спроведува на еден начин што не е правно ниту издржан, ниту реалноста зборува за нешто слично.

Затоа, би ги повикал пратениците да го прифатат овој амандман, бидејќи ревизроскиот извештај изработен од надворешен и независен ревизор веќе постои како точка во Законот, тоа е член 26 точка 3. Не гледам логика два пати во ист закон да постои иста алинеа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги, почитуван заменик министер,

Ценам дека овој амандман навистина заслужува, можеби, повеќе внимание од страна на предлагачот отколку од нас пратениците.

Имено, се работи за постојниот член 10, каде што се говори за одговорноста на Агенцијата. Во овој член што се состои од четири става, Агенцијата за својата работа дека одговара пред Собранието на Република Македонија, во ставот 2 дека Агенцијата за својата работа е должна до 31 март во тековната година да достави годишен извештај за претходната година до Собранието на Република Македонија.

Во ставот 3, во кој се дадени подточки, вели дека годишниот извештај од ставот 2 на овој член, особено содржи, па тука е интервенцијата:

а) Извештај за извршени активности на Агенцијата во изминатиот период,

б) Годишна програма за работа на претстојниот период,

в) Извештај за состојбата на средствата во Фондот за универзална услуга и

г) Извештај за извршување на Финансовиот план на Агенцијата.

Како точка 4 е наведено дека Годишниот извештај на Агенцијата е јавно достапен.

Ако Годишниот извештај на Агенцијата е јавно достапен, не гледам причина, кога веќе зборуваме за член 1, измената во овој член, дадена во Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за електронски комуникации, ("Службен весник на Република Македонија" број 13) е беспредметно и со оглед на тоа што доставувањето на ревизорскиот извештај, изработен од надворешен и независен ревизор е веќе утврдено во членот 26 став 2 и став 3 од постојниот Закон за електронски комуникации. Не гледам, навистина, причина зошто овој амандман не е прифатен. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има господин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам претседателе.

Кога го имав своето обраќање до министерот, поставив некои прашања. Меѓу другите, зошто е потребна итервенција во текстот по однос на измените и дополнувањата на Законот за електронски комуникации, со што се создава уште една дополнителна конфузија.

Имено, прашањето беше која е разликата, зошто не се користат услугите на Државниот републички завод за ревизија, зошто е потребно да стои "независен надворешен ревизор" со што се создаваат одредени инсинуации дека е потребно да се направи и одредена нарачка што, со одреден фил на извештајот, ќе ги оствари саканите цели на Министерството или на Владата да се оцрни Агенцијата, директорот, Комисијата, со што ќе се создадат одредени претпоставки тој да биде сменет.

Бидејќи министерот одговори дека не е таква намерата, дека под надворешен ревизор се подразбира и Државниот завод за ревизија, ова е одлична можност со прифаќање на амандман да се отстрани таа дилема, да си отане старата одредба во Законот, според која што Владата ги има инструментите, ги има механизмите да може, до колку се создаде одреден сомнеж во работењето на една јавна институција да го ангажира Републичкиот државен завод за ревизија, кој што ќе ја отслика, меѓу другото и сликата за финансиското и материјалното работење на таа јавна институција, да и постави потоа.

Затоа јас апелирам до мнозинството од парламентарците да го прифатат овој амандман за да се отстранат оние сомнежи за нарачана ревизија, што министерот категорично ја отфрлаше. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** И јас благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманите.

Амандманите ги ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, во салата се присутни 63 пратеници, за гласале 15, воздржано нема, против гласале 42 пратеници.

Констатирам дека Собранието не ги усвои амандманите.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 2 поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Палоши, повелете.

**Скендер Палоши:** Благодарам.

И овој амандман не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Како стандардна реченица што ја кажуваат претставниците на опозицијата, за жал министер, во овој случај претставникот на Владата не дава некое подетално образложение. Но, треба да се навикнеме и д живееме со тоа.

Имено, во овој член што е поднесен од Владата, односно измените во членот 15 се однесуваат на разрешување на претседателот и членовите на Комисијата. И тука Владата предлага, до колку се утврди дека при извршување на функцијата самиот или заедно со друг член на Комисијата делува спротивно на основните цели на Законот и конзистентната имплементација на системот за електронска комуникација, тоа кој ќе го утврди во Комисијата за избори и именувања не верувам... (џагор во салата).

Ќе ве замолам претседателе ако може малку за ред.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам. Ве молам за тишнина. Не можам говорникот да го слушнам.

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

Владата предлага во членот 15 што се однесува на разрешување на претседателот и членовите на Комисијата да се воведат и одредби каде што член н Комисијата, ако делува спротивно на основните цели на Законот и конзистентната имплементација на системот на електронските комуникации може да биде разрешен, а тоа ќе го утврди Комисијата за избори и именвуања.

Под и) се додава уште една точка, дека поради нестручно, непрофесионално и несовесно извршување на претседател и член на Комисијата на полето на материјалното работење, констатирано во извештајот на ревизорот.

Имено, да се вратиме, да ја кажам предисторијата на овој несмасно напишан член.

Владата, уште во налетот на еуфоријата, победничката еуфорија во септември, на Четвртата седница предложи измени на Законот или предложи закон за измени и дополнувања на Законот за електронски комуникации, со што предложи некои измени од аспект како што сега бара, со контрола на финансиското работење и од ревизор, што веќе постои во членот 26, без да го прочита и добро анализира Законот. Тогаш предложи Комисијата, со донесувањето на тој закон на Комисијата да и престане мандатот.

Бидејќи на 3 км. од овде, во Клубот на пратениците, во тој момент, на 19 септември се одвиваше состанокот на Посткомитетот за стабилизација и асоцијација во елот на информатичкото општество и медиуми, каде што спаѓаат телекомуникациите, после, тогаш би рекол првиот политички шамар за Владата на Груевски, премиерот со писмо го повлече Законот со образложение дека треба да дојде до натамошно усогласување на взаемно разменетите ставови со Европската комисија.

Бидејќи патот да се стигне до целта, а тоа е да се наименува партиско решение за директор на Агенцијата за електронски комуникации води единствено преку Комисијата, затоа сакаат со престанок на мандатот да си олеснат па да се избере, на предлог на Комисијата за избори и именувања, нова комисија.

Бидејќи тој политички шамар дојде од Европската комисија, се тргна во нова варијанта како сега да ги разрешиме членовите на Комисијата. Бидејќи според советниците на министерот за транспорт и врски најлесно пиер ќе пали ако за тоа се поврзат со некои финансиски активности, се влегува во авантура да се воведе точка или алинеја во членот 15, дека член на комисија или претседател, може да се разреши заради активности во полето на материјалното и финансиското работење, утврдени со ревизорот. Но, ако го погледнеме членот 14, каде стојат надлежностите на Комисијата, ќе погледнеме дека тие како стручно тело немаат никаков допир, ниту можат да превземаат финансиски трансакции, или да вршат финансиски трансакции. Затоа од една страна реков повторно нема да има никакво правно дејство овде реално, било која судска инстанца овде ќе го оспори тоа, бидејќи надлежностите на Комисијата не се поврзуваат со материјално - финансиски активности од една страна. Од друга страна, ќе ги доведеме членовите на Комисијата на столбот на срамот овде во Собранието, бидејќи ќе треба да ги разрешиме некако, а станува збор, јас ве уверувам, за личности високо професионални, стручни, кои поминаа со консензус овде во Собранието, личности, професори кои што немаат само домашна евалуација позитивна, туку имаат меѓународно потврдена вредност, со издадени книги од оваа област од странски универзитети и да не набројувам понатаму. Ќе ги доведеме во ситуација заради внатре партиски притисоци да наметнеме решение кое што нема апсолутно прво да му одговара на ВМРО-ДПМНЕ, бидејќи сите ќе ги обвинат за партиски упад, а

второ најмногу нема да и користи на Република Македонија бидејќи се коси со директивите од Европската комисија за независни регулаторни тела, каде што читав и вчера, строго е дефинирано забраната за политички влијанија кон независните регулаторни тела. Тоа во извештајот на Европската комисија и го пишува. Значи, мора Република Македонија да работи на зајакнување на независното регулаторно тело и да го ослободи од политички притисоци. Значи, едно е СДСМ што зборува. Гледам дека поинаку се реагира кога Европската комисија ќе направи притисок. Да не се доведеме во таа ситуација, затоа и вчера апелирав Комисијата за европски прашања, која што е најмериторна да го погледне мислењето на Европската комисија, а не господинот Петковски да го става во непријатна позиција парламентарното мнозинство, па да гласаат нешто што нема ни потреба од гласање. И ќе се доведеме во ситуација повторно да не обвинат дека со политички упади во независни регулаторни тела се обидуваме да ги решиме работите. Ниту тоа нешто ќе промени во реалната ситуација на теренот, напротив, ќе влијае на негативната слика на Република Македонија. Затоа, овој член што е предложен од Владата треба да биде избришан, затоа и го предлагам амандманот, бидејќи Комисијата не работи, нема материјално финансиски активности, не се во надлежност на Комисијата тие заложби и да ве потсетам, Законот за електронски комуникации ги доби сите позитивно оценки, затоа што е направен по европските стандарди, по сите теркови. Агенцијата, да ве потсетам, не е корисник на средствата на Буџетот на Република Македонија. Таа само се финансира. Со финансискиот план има проекција за онолку пари колку што им треба за работа на Агенцијата, тоа е во целосна согласност со препораките на Европската унија и решенијата што се применуваат во земјите членки на Европската унија. Затоа би апелирал до парламентарното мнозинство да го прифати овој амандман и да не се доведеме во ситуација еминентни стручњаци од оваа област ги разрешуваме заради некои внатрешни партиски интереси. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** И јас ви благодарам.

Има збор господин Тале Герамитчиоски. Повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Ви благодарам претседателе.

При вчерашната дебата со министерот како грев на членовите на Комисијата им ги испорача следните два аргументи.

Прво, дека не го испочитувале законот, бидејќи во претходната година не доставиле извештај до Собранието на Република Македонија за тековното материјално финансиско работење во 2005 година од јули месец до крајот на 2005 година, што со дополнителна проверка утврдивме дека не е точно. Како доказ постои записник од страна на Комисијата за транспорт и врски на крајот во февруари или март 2006 година на кој што се разгледувал Извештајот на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации во кој што детална е опфатена фискалната 2005 година.

Втора работа е зошто заради тековни активности на Парламентот кој што влезе во изборна година не бил на пленарна седница а разгледуван тој извештај со што би се исполниле обврските од законот најдоцна до 31 март во наредната година, да се разгледува извештајот за претходната фискална година. Но, тврдењето на министерот дека Комисијата за електронски комуникации не доставила извештај не држи вода, значи, паѓа едниот аргумент зошто на членовите на Комисијата им зема за грев дека не го почитувале Законот за електронски комуникации.

Вториот грев, отворено го кажа, зошто сме му дозволиле на директорот на Агенцијата за електросненски комуникации да добие средства за дошколување, запишување на постдипломски студии, односно магистарски студии, иако со дополнителна проверка е утврдено дека во Статутот на Агенцијата за електросненски комуникации стои таква одредба дека вработените имаат право да го дозавршуваат, или да добиваат повисок степен на образование, кое што ќе биде во интерес и во корист на институцијата во која што работат. Впрочем, во огромен број на статути во различни јавни институции постојат такви одредби, меѓу другото и за пратениците е дозволено во текот на својот ангажман професионален во Собранието на Република Македонија да го доформуваат своето образование за повисок степен на образование. Така што не гледам тука и во тие два аргументи некоја видлива подлога да се пристапи кон измена на закон, само да се направи кадровска смена, односно партиска чистка. Неколку пати посочив дека не станува збор за партиски луѓе, станува збор за афирмирани стручњаци од областа на комуникациите кои што во текот на својот професионален живот, навистина имаат завиден деграунд, завидна биографија од која што можат да се видат значајни остварувања во доменот на оваа проблематика и да се фрли една љага, една дамка на нивниот професионален ангажман со вака грубо и еклатантно прекинување на нивниот амандман и уште повеќе, со изнаоѓање на различни изговори, кои што навистина, не држат вода е без преседан. Затоа, ова е добра прилика и во пракса да се отфрли една грешка која што Владата ја прави со предлагање на измени на законот во овој член. Јас препорачувам овој амандман да се гласа, да ја избегнеме таа грешка. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги молам пратениците да си ги заземат своите места во салата.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Упатувам уште еден повик до пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места, бидејќи ќе гласаме.

Во салата има 61 пратеник.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 13, воздржани нема, против гласале 48 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 во воведната реченица, поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Скендер Паљоши:** Амандманот поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор пратеникот Никола Ќуркчиев.

**Никола Ќуркчиев:** Може ли министерот да ми објасни зошто не се прифаќа овој амандман, наместо ние долго да дискутираме зошто треба да се прифати. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор заменик министерот за транспорт и врски господин Скендер Паљоши. Повелете.

**Скендер Паљоши:** Благодарам претседателе.

Овој амандман е исто амандман поднесен од пратеникот Јани Макрадули и се однесува на членот 1.

Образложението за неприфаќање на амандманот е дека, амандманот не се прифаќа од причина што со членот 1 од измените на законот, ќе се обезбеди усогласеност со одредбите од законот, во однос на можноста да се добие реална слика за финансиското работење на регулаторот во однос на неговата работа во претходниот период, што ќе се обезбеди со ревизорски извештај изработен од надворешен и независен ревизор.

Постојното решение на членот 10 од законот не предвидува дека Годишниот извештај на Агенцијата треба да содржи и ревизорски извештај, со што се остава простор за несоодветно претставување на целокупната работа на регулаторот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За зб ор се јави господинот Никола Ќуркчиев. Повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Мислам дека зборувама за различни амандмани. Сега зборуваме за членот 2. Министерот ми даде објаснување за член 1.

Со амандманот навистина, се бара нешто што има логика, меѓутоа, ако треба да објасниме се што сте предложиле како предлагач. Во членот 2 во постојниот закон во член 15 став 1 по точката - В се додаваат две нови точки Г и Д кои гласат: Ние зборуваме за тој амандман. Доколку се утврди дека при извршување на функцијата сам или заедно со друг член на комисијата делува спротивно на основните цели на законот и коегзистентната имплементација на системот на електронските комуникации како што е предвидено со законот, кое може да се утврди од извештајот на ревизорот, не е предложено независен. Се вели во Предлогот, ревизорот за степен на постигнување на законските надлежности на Агенцијата и продолжува точката. Мислам дека овој амандман е непотребен и треба да се прифати онака како што е предложено во истиот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, за гласале 12, воздржани 3, против гласале 47 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 3, поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Скендер Паљоши:** Јас мислам дека и овој амандман е поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев, а вие велите од пратеникот Јани Макрадули.

**Љубиша Георгиевски:** Овој е од пратеникот Јани Макрадули.

**Скендер Паљоши:** За бришење на членот 3.

**Љубиша Георгиевски:** Тој е за бришење на членот 3. Вели членот 3 се брише. Кратко.

**Скендер Паљоши:** Амандманот не се прифаќа од причина што со предложениот член 3 од измените и дополнувањата од Законот ќе се обезбедат потранспарентни и полиберални услови при изборот за кандидат за директор, односно ќе се создадат услови за пријавување на поголем број кандидати со што ќе се изврши избор на квалитетен кандидат за директор на Агенцијата.

Според тоа, Владата не го прифаќа овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор пратеникот Јани Макрадули. Повелете.

**Јани Макрадули:** Сепак подобро ќе беше заменикот министер да не дава образложение, затоа што беше контрадикторен во ставот, а сега ќе образложам зошто мислам дека бил контрадикторен. Иако мислев дека само претходниците од ВМРО-ДПМНЕ имаат навика министрите од Владата да ги корегираат и

поправаат пратениците, но гледам дека тоа поминува во навика на сите претставници на Владата, па сега сакаат да ги видоизменат предлагачите на амандманите, па го корегираат дури и претседателот на Собранието дека можеби згрешил, но тоа е дел од однесувањето на Владата кон ова Собрание.

Имено, во своето образложение што го пишува и во законот, Владата го менува членот со идеја да обезбеди поголема компетентност, а условите ќе бидат полиберални, односно повеќе луѓе ќе можеле да се јават, па така ќе сме избрале поквалитетен.

Досегашното решение во Законот за електронски комуникации пишува дека Комисијата го именува директорот на Агенцијата по пат на јавен конкурс, кој треба да е државјанин на Република Македонија, да има завршено високо образование од областа на електро техничките науки, правото или економијата, со работно искуство над пет години и со посебни знаења од областа на електронските комуникаци, како и да поседува организациски и раководни способности.

Владата ја предлага следнава измена: Комисијата именува директор на Агенцијата по пат на јавен конкурс. Кандидатот мора да биде со високо образование и работно искуство над пет години. При изборот во предвид ќе се земе професионалното, меѓународното и менаџерското искуство во областа на електронските комуникации. Во што е потранспарентен, прво прашање, овој член од постоечкиот. И двата директора ги именува Комисијата по пат на јавен конкурс.

Процедурата е иста, условите се различни. До сега беше дека треба да е државјанин на Република Македонија, сега не, што значи дека странски државјанин дали тоа ќе биде презимето Тренкоски, Шврговски или Ставров како трите меѓународни лица за Македонска телевизија, Јавен обвинител и Фондот за здравство и овој ќе биде со некое такво презиме ски, ов или иќ, не е битно. Не ми се верува дека ќе биде толку странско, па повторно да не си веруваме дека во Македонија можеме да најдеме кадарен човек, државјанин на Република Македонија кој ќе работи за интересите на Република Македонија. Кога на конкуротст ќе се појави некој човек со меѓународно искуство, се надевам дека до тогаш ќе го донесеме законот за конфликт на интереси кој ќе го пдоржиме, бидејќи тогаш многу именувани функционери ќе паднат, ќе биде тешко да најдете човек кој нема да биде поврзан со меѓународните компании кои атакуваат да дојдат тука и да го монополизираат пазарот или веќе го имаат монополизирано.

Затоа е многу подобра варијантата да стои да е државјанин на Република Македонија. Не мислам дека на тој начин се губи транспарентноста ниту ќе најдеме поквалитетен ниту ќе најдеме поспособен човек.

Во членот се елиминира да биде електроинженер, економист или правник од проста причина што претседателот на Комисијата на ВМРО-ДПМНЕ за телекомуникации кој претендира на ова место е машински инженер. Тоа е работата. Ќе ја надградевте стручноста на овој член ако пишуваше да познава два странски јазици, како што пишува во хрватскиот закон за електронски комуникации. Обврска е на директорот минимум англискиот одлично да го познава и плус уште еден јазик да знае. Така се зголемува квалитетот, критериумите за изборот на човек, а не со рестриктивна и сега може да ви се јави човек од странство кој бил биолог, се извинувам не атакувам на струката, кој случајно работел 5 години во Австрискиот мобилен оператор во Бугарија и сега сакаат со новиот тендер да го донесат тука, бидејќи е тука Бугарија, да не го шетаат многу, ќе го стават директор. Кој ќе има ќар? Република Македонија ќе има ќар, ќе обезбедиме конкуренција, ќе обезбедиме еднакви услови на пазарот или ќе добиеме поголем квалитет ако ги прошируваме областите кои немаат никаква врска со електронските комуникации како ќе обезбедиме поголема компетентност и професионалност?

Апсурдноста да биде поголема членот 3 се однесува исклучиво на измените во членот 16 кој има глава директор на Агенцијата. Како тогаш во образложението, што мислев дека нема да го прочитате сега бидејќи е грешно во законот што го давате дека ќе се обезбеди поголема компетентност и професионалност на членовите на Комисијата. Тој член нема врска со изборот на членовите на Комисијата. Тоа што е грешно напишано во образложението не мислев дека ќе го прочитате, барем ќе го изанализиравте. Не мора апсурдноста на предлогот да ја надополнувате и да доведувате до таква крајност да им е срам на тие кои ќе се кандидираат за членови на Комисијата или за директор на Агенцијата, да ги доведете во ситуација да конкурираат под нивни услови што апсолутно се полоши и не се толку строги, не се толку високи по критериуми кои и сега постојат.

Членот 16 се однесува исклучиво на директорот на Агенцијата, начинот на работа, изборот на Комисијата е во другите членови од 12 до 15. Затоа и ова ја покажува апсурдноста на Предлогот целата конфузија што е направена само за да се смират страстите што и во неделата на Централниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ се јавиле да се задоволат работите и да ги ставиме тие партиски луѓе што мислиме дека треба да бидат некаде негледајќи дека некој друг не СДСМ, не јавноста во Република Македонија, тие што оценуваат дали сме кадарни за во Европа ќе го ценат законот, тие не знаат како се дошло до Предлогот, не ги интересира, ќе го видат конечното решение, а конечното решение ќе биде ќе ги ставиме на столб на срамот членовите на Комисијата, ќе ја смениме Комисијата, ќе доведеме свои луѓе и тие ќе изберат одреден

човек. Да ви раскажам што ќе се случи во следниот месец? Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Реплика за Александар Николовски, повелете три минути.

**Александар Николовски:** Благодарам.

Слушнавме една интересна констатација за некаква возбуденост во ВМРО-ДПМНЕ, па логично ми се поставува прашање од каде инфорамцијата заради тоа што нашите седници на Централниот комитет прво се затворени, а второ на тие седници се разговара на пример за статусот на Косово, за политичкиот дијалог за кој еве разговараме тука во Парламентот, разговараме за тоа како треба да се движи напред Република Македонија.

По однос на загриженоста можеби оваа загриженост за законот се работи заради тоа што ревизорскиот извештај утврдува неправилности кај лични пријатели на луѓето кои зборуваат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господинот Јани Макрадули контра реплика, повелете вашата минута.

**Јани Макрадули:** Белким не очекувате да ви го кажам вашиот колега пратеник што ми го кажал тоа како било во неделата во Битола. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор се јави господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам претседателе.

Искрено да ви кажам Коста Трпковски не ми е личен пријател, значи не дискутирам од такви побуди.

При дебатирањето со министерот вчера ги отворив на маса сите аргументи, дебатиравме и не ме увери во неговите искрени намери дека сака да го подобри текстот и од тие причини квалитативно се подобрува принципот за избор на директор на Агенцијата за електронски комуникации.

За мене ова решение, оваа формулација која е дадена во измените е далеку полоша од претходната од причини кои и колегата Макрадули добро ви објасни.

Кога на министерот отворено му поставив неколку прашања во делот на оваа одредница што значи меѓународно искуство и кои се искрените или скриените намери на Министерството односно на Владата за кадровско решавање на овој дел од етапата наречена 100 чекори преродба, тој одговори дека ќе интервенираат како Влада односно како Министерство амандмански во кој ќе се избрише одредницата “меѓународно искуство”, еве финишираме со дебатата по однос на законот, ќе се пристапи кон негово гласање, а не добивме нешто кое беше јавно ветено од страна на министерот од говорницата. Дали во меѓувреме се попишманил или добил други инструкции дека не треба така лесно да дава ветувања, не знам, но очигледно е дека не се пристапи кон амандманско интервенирање од страна на Владата.

Затоа сите оние констатации дека станува збор за некое политичко, кадровско решавање и видете апсурд. Измена на Закон само заради пристапување кон политичко, кадровско разрешување на одредени проблеми, за мене е апсурдна ситуација и затоа навистина сесрдно се залагам за бришење на овој член во предложениот закон за изменување и дополнување на Законот за електронски комуникации.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, за гласале 16, воздржано 1, против 46.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворма претрес по амандманот на член 3, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

На седницата на Комисијата претставникот на Владата не го прифати амандманот.

Дали некој бара збор?

Збор побара господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Почитуван претседателе, можеби во меѓувреме ставот на Владата е сменет. Не се изјасни претставникот на Владата.

**Љубиша Георгиевски:** Тој се изјаснил еднаш на седницата, но еве заменикот минситер за транспорт и врски се јави за збор. Повелете.

**Скендер Палоши:** Благодарам претседателе.

Амандманот на членот 3 поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот, според тоа, тој станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 3, поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за транспорт и врски господинот Скендер Палоши, повелете.

**Скендер Палоши:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам.

Амандманот се предлага заради допрецизирање на текстот на оваа одредба и дефинирање на областите на образованието потребно за вршење на оваа функција.

Колегата Макрадули веќе објасни за што всушност станува збор, едноставно кажано, со овој амандман постои можност да се направи голем превид при изборот на директор на Агенцијата и затоа овој амандман ценам дека ќе овозможи избегнување на можноста за именување на директор кој нема доволно компетенции од областа на телекомуникациите.

Почитувани колеги, предложената измена на член 16 став 1 од законот е апсолутно непрецизна особено во делот каде не се определува или воопшто не се прецизира видот на високото образование. Имено, за раководење со институција која има високи, специфични надлежности, како што е Агенцијата за електронски комуникации, неопходно е потребно да се изврши и предвиди видот на високото образование од причина што може да дојде до случај кандидат со несоодветно завршено образование од областа на педагогијата, психологијата, градежништвото да раководи со институција што е од особено значење од областа на електронските комуникации во Република Македонија.

Со оглед на наведеното решение, мислам дека постоечкото решение во законот е многу подобро од предложеното.

Исто така во постојното решение во член 16 алинеја 3 се вели дека директорот, неговиот брачен другар или невенчан партнер, како и блиски роднини во прва линија до второ колено не можат да имаат дел од акции директно или индиректно во организации што извршуваат активности што директно спаѓаат во надлежност на Агенцијата.

Тој дел е избришан и исто така претставува предуслов навистина новоизбраниот директор да има конфликт на интереси, што дополнително ќе ја усложни состојбата.

Затоа предлагам овој амандман да биде прифатен. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеника, за гласале 18, воздржани нема, против 48.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Уште еднаш накратко да го искажам ставот на пратеничката група на СДСМ дека овие предлог измени во законот за електронски комуникации нема да ги прифатиме, ќе се обидам многу накусо да ги дадам нашите аргументи.

Во излагањето на министерот и во излагањето на еден пратеник овде од позицијата се покажа и се потврди дека измените на Законот не наоѓаат причина и основ во либерализацијата на пазарот за телекомуникациски услуги, туку во смена на членовите на Комисијата.

Еве ги двата аргументи:

Првиот аргумент и самата Влада го кажува на веб сајтот на Инвест-Македонија, значи во промоцијата на нашата држава која можеме да ја прочитаме пишува дека комуникациската инфраструктура е најнапредна во Југоисточна Европа, дека нашата телекомуникациска инфра структура или мрежа е 100% дигитална, дека постојат голем број на интернет сервис провајдери и дека пазарот е регулиран од независен телекомуникациски регулатор со законодавство, во согласност со европските барања.

Значи, не е причина тоа. Бидејќи и Министерството за транспорт и врски во еден плагијат документ што сега го подготвува во првиот дел во тековна состојба за правна рамка пишува:

Со законот за електронски комуникации “Службен весник на Република Македонија” број 13/05 се уредуваат услови и начини за вршење на дејноста во областа на електронските комуникации.

Се создаваат услови за потполна либерализација во елктронските комуникации, а посебно во делот за изградба на инфраструктурата се обезбедува пристап и интерконекција со јавни комуникациски мрежи на други оператори и даватели на јавни комуникациски услуги и се обезбедува поедноставна постапка за отпочнување на вршење на комуникациска дејност.

Во законот се имплементирани сите релевантни ЕУ мерки. Значи, причина не е либерализацијата, бидејќи во два документи Владата тврди спротивно.

Втората причина во менувањето на членовите на Комисијата, бидејќи тоа е патот да се стигне до посакуваната цел, а тоа е директор на Агенцијата, се спомнуваат ревизорски извештаи за активности на членовите на Комисијата кои во надлежност на Комисијата во член 14 ги немаат се зборува за институција која од 1 јули 2005 година е институција формирана како Агенција за електронски комуникации надвор од Буџетот со самофинансирање, согласно ЕУ препораките, а фамозниот Извештај што го спомнуваат некои кои сакаат Собранието да го претворат во судница, се

однесува на ревизорски извештај за Управата на телекомуникациите во 2004 година кога таа е дел од Министерството за транспорт и врски. Не е независен субјект.

За да се намалат тие политички влијанија од Министерството кон Агенцијата по препораките и за независно регулаторно тело од Европската комисија и по препораките за либерализација и конкуренција на пазарот на телекомуникациски услуги и директивите од Европската комисија формирана е Агенцијата како независно, непрофитабилно буџетски раздвоено тело или институција.

Затоа невешто се предлагаат овие измени надвор од процедурата, значи Комисијата за европски прашања мораше да го разгледа позитивното мислење од Европската комисија до колку го има, а такво нема, реков вчера, на 300 метри од овде е претставништвото на Европската комисија, може да се отиде и да се провери дали има такво нешто или не, се нарушува принципот на позитивни мислења и комуникација што ги имаме воспоставено со европското акционо партнерство само да се направи партиски упад во независно регулаторно тело.

Затоа пратеничката група на СДСМ ќе гласа против овие предлог измени кои, се надевам, нема да се реализираат во пракса, веројатно Владата ќе почека да види што ќе се случи со мислењето кое го прати, по правило тоа го направила, мислењето за спојувањето на двете агенции кои гледам има реакции од многу независни оператори во Република Македонија, тоа го има испратено во Брисел, но го чека одговорот и се додека не го добие тоа мислење, ова нема да се реализира. Ќе видиме што ќе се случи, а јас ќе ви кажам како ќе се одвиваат работите.

Затоа уште еднаш да кажам, пратеничката група на СДСМ ќе гласа против овие предлог измени. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеника, за гласале 50, воздржани нема, против 15.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за електронски комуникации.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 28-та седница на Собранието на Република Македонија.

Давам пауза од половина час и ги повикувам координаторите на пратеничките групи во Охридската сала да се договориме за тоа како ќе продолжиме со работа.

За уважените господа пратеници се поврзува паузата за ручек, продолжуваме со пленарната седница во 15,00 часот.

(Седница заврши со работа во 13,30 часот)